**КИНОЛОШКИ СОЈУЗ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
KENNEL ASSOCIATION OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA
Ул. Коста Шахов 6-1/1, 1000 Скопје, Македонија
НЛБ Тутунска банка АД Скопје
Сметка: 210040679830189
ЕДБ: 4030994274245

Скопје, 01.04.2022

**До Министерство за " Земјоделство, шумарство и водостопанство "**

Почитувани,

Со цел сеопфатно третирање и решавање на проблемот со бездомните на кучиња, Кинолошкиот сојуз на Република Македонија е на став дека е неопходно да постои јасна законска разлика помеѓу домашни миленици – кучиња без родовник и домашни миленици – чистокрвни расни кучиња со родовник.
Воведувањето на ваков вид терминологија, за која сметаме дека е единствено исправна и правична е од причина што "чистокрвно расно куче" претсавува куче кое има родовник, и пртиоа истото е евидентирано, регистрирано во Кинолошкиот сојуз на Република Македонија, во родовната книга, уредно пријавено во FCI, и кај надлежен матичен ветеринар, што подбразбира дека секое чисткрвно расно куче со родовник поседува здравствена легитимација (пасош), истото е чипирано и податоците за истото се индексирани во системот на АХВ, а со тоа секако се евидентирани и сопствениците на односното расното куче со родовник.
Сите податоци за расните кучиња со родовник и за нивните сопственици се достапни на увид од надлежните институции на нивно барање.
Следствено на горе наведеното образложение, Кинолошкиот сојуз на Република Македонија во Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за заштита и благосостојба на животните, бара воведување на нов термин, дефиниција со која ќе се направи јасна дистинкција помеѓу кучињата со родовник - расни и сите останати кучиња односно бара во Законот за заштита и благосостојба на животните ("Службен весник на Република Македонија" бр. 149/14, 149/15 и 53/16) во членот 3 став (2) да се додаде следнава дефиниција:
**50. "Куче со родовник е расно куче, кое е претставник на било која од официјално признаените раси во рамките на Светската Кинолошка Федерација (ФЦИ) или признаени само од страна на Кинолошкиот сојуз на Македонија - се однесува само на автохтоните раси од РСМ"**
Поднесувач на Предлог - измените на Законот за заштита и благосостојба на животните

Кинолошки сојуз на Република Македонија
Претседател, Јордан Христовски
Тел. +389 78 764 444 / 02 308 5860
https://ksm.org.mk/